Република Македонија,

МИНИСТЕРСТВО ЗА: ЕКОНОМИЈА

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог-Закон за измена и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап

Усогласеност со Годишната програма на Владата: ДА

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
ДА ДЕЛУМНО НЕ

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: на првата наредна седница

Карактер на материјалот:
слободен пристап

Итност на материјалот: нема итен карактер

Прилог:

Дата на доставување на материјалот:
__________.10.2010

ПОТПИС:
МИНИСТЕР
ФАТМИР БЕСИМИ,

Изготвил: Јасмина Трајаноска, раководител на одделение
Контролирал: Александар Поповски, раководител на сектор за Европска Интеграција
Проверил: Исмаил Ебипи, Државен советник
Одобрил: Катерина Костеска, Државен секретар

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

*М Е М О Р А Н Д У М*

НАСЛОВ: ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ, ОПФАЌААТ УСЛОВЕН ПРИСТАП

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, октомври 2010

**1.Осврт по материјалот**:

Министерството за економија повикувајќи се на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, подготвени од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, м-р Владимир Пешевски, усвоени и од страна на Владата на Република Македонија, пристапи кон измена на постоечките одредби во Законот. Предложените измени на Законот се во насока на намалување на висината на глобите и воведување едукација.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:
-намалување на износот на глобата за предвидените прекршоци согласно мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**
Извршени се консултации со Секретаријат за европски прашања, Министерство за транспорт и врски Секретаријат за законодавство, Агенција за електронски комуникации, Државен Пазарен инспекторат

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:Не**

Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:  Не е поврзано

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија:** Има

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори**: Не е поврзано

**7. Решение кое се препорачува (со образложение**):

Се предлага Владата на Република Македонија да го усвои предлог-законот.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**
Нема фискални импликации

**9. Очекувани влијанија**: Целта на предложениот закон е подобрување на деловната клима во Република Македонија, преку воведување мерки за намалување на висината на глобите.

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот**:  Да

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста**: значително ублажување на последиците од изречните прекршочни санкции, воведување едукација, онлајн

објавување на податоците од извршените инспекции со цел поголема транспарентност и следење на инспекциските постапки

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Предлог-Закон за
измена и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат
на, или опфаќаат, условен пристап

Скопје,октомври 2010

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Министерството за економија повикувајќи се на Мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, подготвени од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, м-р Владимир Пешевски, усвоени и од страна на Владата на Република Македонија, пристапи кон измена на постоечките одредби во Законот. Предложените измени на Законот се во насока на намалување на висината на глобите и воведување едукација.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е подобрување на деловната клима во Република Македонија, преку воведување мерки за намалување на висината на глобите.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:
-намалување на износот на глобата за предвидените прекршоци, во распон од 50%..

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања на Законот не е потребно обезбедување финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (*„Службен весник на РМ" бр.91/08*) се предлага законот да биде донесен во скратена постапка.

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ ОПФАЌААТ, УСЛОВЕН ПРИСТАП

Член 1

Во Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на РМ“ бр.127/2008 година) по членот 5 се додава нов наслов и нов член 5-а кој гласи:

Постапка за едукација
5-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор утврди дека физичко или правно лице вршело забранета активност определена со член 4 точка 3) од овој закон, овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе утврди вршење на забранета активност со укажување за отстранување на таа активност во определен рок и едновремено ќе му врачи покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена забранетата активност при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Едукацијата ја организира и спроведува инспекторатот, односно органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(3) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилност за еден или за повеќе субјекти.
(4) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(5) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност
(6) Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.
(7) Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди повреда на одредбите од членот 4 точка 3) од овој закон, а по спроведената едукација согласно одредбите на ставовите (2), (3), (4) и (5) од овој член, донесува решение за забрана на активностите кои се вршат во спротивност со одредбите на овој закон.

(8) Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди повреда на одредбите од членот 4 точка 3) од овој закон, а по спроведената едукација согласно одредбите на ставовите (2), (3), (4) и (5) од овој член, донесува решение за забрана на вршење на дејност со времетраење од 30 дена и ќе преземе мерки за запечатување на просторијата, објектот и/или одземање на недозволената направа за условен пристап со која е сторена повредата.

(9) Незадоволната странка против решението од ставовите (7) и (8) од овој член може да изјави жалба до министерот за економија во рок од 15 дена.

(10) Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека е сторен прекршок утврден со овој закон, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(11) Инспекторатот, односно органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за економија .

Член 2

Во член 6 во ставот (1) по зборовите „ одредбите од членот 4 “ се додаваат зборовите „точки 1) и 2)“
Во ставот (2) зборовите „ точки 1 и 3 “ се менуваат со зборовите „точка 1)“

Член 3

Во член 9 во ставот (1) бројот „ 5000“ се заменува со бројот „2500“ и бројот „6500“ се заменува со бројот „5000“.

Во истиот став реченицата „ - употреба на комерцијална комуникација за промовирање на недозволени направи за условен пристап (реклами, огласување и слично) ( член 4 точка 3)„ се брише .

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите „2000 до 3500 “ се заменуваат со бројот „1000“.

Ставот (4) и ставот (5) се бришат.

Во ставот (6) кој станува став (4) бројот „ 1000“ се заменува со бројот „500“ и бројот „2500“ се заменува со бројот „1500“.

Ставот (7) се брише.
Ставот (8) станува став (5).

Член 4

По член 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

(1) Покрај глобата од член 9 став (1) од овој закон на правното лице и на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност од една до три години.
(2) Покрај глобата од член 9 став (2) од овој закон, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.

(3) За прекршокот од член 9 став (1) од овој закон, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна мерка одземање на предметите (недозволена направа за условен пристап) со кој е сторен прекршокот.

(4) Покрај глобата од член 9 став (4) на овој закон, на физичкото лице ќе му се и изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.“

(5) Глоба во износ од 5.000 до 6.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок доколку врши употреба на комерцијална комуникација за промовирање на недозволени направи за условен пристап (реклами, огласување и слично) (член 4 точка 3) а по претходно спроведена едукација согласно член 5-а од овој закон.

(6) Покрај глобата од став (5) на овој член на правното лице и на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност од една до три години.

Член 5

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Државниот пазарен инспекторат објавува квартални збирни извештаи за извршен надзор согласно одредбите на овој закон и истите ги објавува на веб страната на Министерство за економија

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ ОПФАЌААТ, УСЛОВЕН ПРИСТАП

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени се во насока намалување на износот на глобата за предвидените прекршоци од 50% и воведување едукација за прекршителите како превентивна мерка која овозможува пред казнување, едуцирање и отстранување на неправилностите во рабтењето.

Со членот 1 се воведува постапка за едукација со воведување на нов член 5-а
Се работи за единствен случај каде може за прекршокот да се воведе едукација. Имено со член 4 се воведени забраните за 1) производство, увоз дистрибуција продажба изнајмување или поседување на недозволени направи и 2) инсталирање, одржување или замена на недозволена направа и 3) употреба на комерцијална комуникација за промовирање недозволени направи за условен пристап. Само под 3) може да се воведе едукација во смисла на новата казнена политика и модел одредбата за истата

Со членот 2 се врши правно техничко усогласување.

Со член 3 се намалуваат глобите за 50% како и распонот на мерката привремена забрана за вршење дејност.

Со член 4 се пропишува во посебен член потешката категорија на казни кои вклучуваат изрекување забрани за вршење дејност.

Со член 6 се воведува обврска Државниот пазарен инспекторат да објавува квартални збирни извештаи за извршен надзор согласно одредбите на овој закон и истите ги објавува на веб страната на Министерство за економија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите на Предлог законот во однос на законот се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот кои се во насока на намалување на износот на глобите за сторените прекршоци, се врши:
-значително ублажување на последиците од изречните прекршочни санкции,
-воведување едукација
-онлајн објавување на податоците од извршените инспекции со цел поголема транспарентност и следење на инспекциските постапки

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ ОПФАЌААТ, УСЛОВЕН ПРИСТАП

### Член 6
### Управни мерки

(1) Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди повреда на одредбите од членот 4 на овој закон носи решение за забрана на вршење на дејност со времетраење од 30 дена и ќе преземе мерки за запечатување на просторијата, објектот и/или одземање на недозволената направа за условен пристап со која е сторена повредата.
(2) Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди повреда на одредбите од членот 4 точки 1 и 3 на овој закон ќе донесе решение за забрана на активностите кои се вршат во спротивност со одредбите на овој закон, за период додека не бидат отстранети утврдените неправилности.
(3) Незадоволната странка против решението од ставовите (1) и (2) на овој член може да изјави жалба до министерот за економија во рок од 15 дена.
(4) Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека е сторен прекршок утврден со овој закон, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

### Член 9
### Прекршочни одредби

(1) Глоба во износ од 5.000 до 6.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок доколку врши:
- производство, увоз, дистрибуција, продажба, изнајмување или поседување недозволени направи за условен пристап за комерцијални цели (член 4 точка 1),
- инсталирање, одржување или замена на недозволена направа за условен пристап за комерцијални цели (член 4 точка 2) и
- употреба на комерцијална комуникација за промовирање на недозволени направи за условен пристап (реклами, огласување и слично) ( член 4 точка 3).

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на правното лице и на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност од една до три години.
(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(4) Покрај глобата од ставот (3) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години.
(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна мерка одземање на предметите (недозволена направа за условен пристап) со кој е сторен прекршокот.
(6) Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.
(7) Покрај глобата од ставот (6) на овој член, на физичкото лице ќе му се и изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.
(8) За прекршоците од ставот (6) на овој член, на физичкото лице ќе му се изрече и прекршочна мерка одземање на предметите (недозволена направа за условен пристап) со кои е сторен прекршокот.